

# Услуги на водење случаи

**Услугите на водење случаи (Case Management Services) даваат поддршка и помош на постари лица со кревко здравје, на луѓе со деменција и на помлади лица со попречености, за да можат да останат да живеат во нивните домови.**

Поддршката се дава преку програми наречени индивидуални „пакети на нега“ (packages of care): Овие програми им помагаат на поединци со сложени потреби од нега самостојно да живеат во заедницата. Понекогаш парите исто така може да се користат за плаќање на дополнителни услуги на луѓе чии потреби не можат целосно да бидат задоволени од други комунални и здравствени служби.

## Одговорни лица за водење на случаи

Лицата одговорни за водење на случаи (Case Managers) соработуваат со клиентите и негувателите во подготвувањето на план за поддршка (support plan) со кој се промовира самостојноста на лицето и неговото физичко здравје и емоционална добросостојба. Плановите за нега (care plans) се подготвуваат и преразгледуваат за да се обезбеди тие и натаму да ги задоволуваат потребите и на клиентите и на негувателите. Лицето одговорно за случајот исто така води грижа за услугите вклучени во планот за нега, како што се починката (respite), личната нега и превозот.

## Linkages

Linkages е програма за задоволување на потребите на луѓето на кои инаку би им било потребно сместување во установа за долготрајна нега (long term residential care). Секоја програма е подготвена за задоволување на конкретните цели и потреби на лицето на кое му е потребна. Програмите на Linkages се индивидуално подготвени и се флексибилни.

## Пакети за нега на стари лица во заедницата

Пакетите за нега на стари лица во заедницата (Community Aged Care Packages - CAPS) се поединечно планирани и координирани програми за нега, приспособени да помогнат на постари луѓе да останат да живеат во нивните домови. Тие се подготвени да им помогнат на поединци на кои инаку би им било потребно сместување во установа за постари лица со низок степен на нега (low level aged care residential facility).

## Пакети за индивидуална поддршка

Пакетите за индивидуална поддршка (Individual Support Packages - ISP) Министерството за човечки служби ги дава на лица со попречености. Пакетот е подготвен од лицето на кое пакетот му е доделен, со тоа обезбедувајќи дека ги задоволува индивидуалните и конкретните потреби од поддршка во врска со попреченоста на лицето. Лицето со пакетот за поддршка може во неговиот пакет да вклучи ангажирање на лице одговорно за водење на случај (Case Manager) за да му помогне во координирањето на услугите и постигнување на неговите цели и стремежи.

## Кој може да ги користи овие услуги?

Различни програми имаат различни критериуми за стекнување право или вклучување. Општо земено, поединци може да имаат право ако:

- Сакаат да останат да живеат дома
- Им е трајно потребно лице одговорно за водење на случај (Case Manager) ззаради планирање, координација и надгледување на услуги
- Имаат сложени потреби и им се потребни пофлексибилни и попроширени услуги одошто се моментално достапни преку други програми

Merri Community Health Services

## Колку тоа чини?

- За сите програми постои цена и таа се базира врз платежните можности на клиентот. Во извесни околности учеството во програмата може да биде бесплатно или по намалена цена за да им се помогне на клиентите кога имаат финансиски тешкотии.
- Давателите на услуги исто така може да ангажираат платено водење на случајот (case management) за аранжирање на услугите, ако се јават на водачот на тимот за водење случаи (Case Management Team Leader) на (03) 9304 9221

## За повеќе информации јавете се на:

- Commonwealth Respite and Carelink Centre / CarerLinks North што го води Merri Community Health Services на: 1800 052 222
- North West Aged Care and Assessment Service на: (03) 8387 21 93
- Department of Human Services, Disability Client Services Intake and Response Service on: (03) 9412 2741

Merri Community Health Services

Објавено во септември 2010
За повеќе информации или ако ви треба состанок, јавете се на Merri Community Health Services.

www.mchs.org.au